# З А П И С Н И К

Од првата конститутивна седница на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија, одржана на 18.02.2025 г., во Канцеларијата за млади, со почеток во 10:00 часот.

Присутни: Валентина Ангелова, Благица Ступар, Анастасија Шопова, Кристијан Алчинов и Ангел Аевски

Седницата ја отвори и со неа заседаваше Кристијан Алчинов, како најстар член на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија. По констатирањето дека се присутни сите членови и има кворум за работа, претседавачот го прочита Предлог-Дневниот ред за работа на седницата:

1. Избор на записничар и двајца оверувачи;
2. Избор на претседател/ка на ЛМС на ОГ;
3. Избор на заменик-претседател/ка на ЛМС на ОГ;
4. Извештај за работа на ЛМС на ОГ за 2025 година;
5. Предлог-Програма за работа на ЛМС на ОГ за 2026 година
5. Разно.

Претседавачот отвори расправа по дневниот ред. Бидејќи немаше забелешки по истиот, го стави на гласање. Со 5 гласа за дневниот ред беше едногласно усвоен. По што се премина на работа по првата точка.

По отворената расправа, за записничар и двајца оверувачи на оваа седница беа одредени Валентина Ангеловска, и Анастасија Шопова и Ангел Аевски.

Пред отворањето расправа по втората точка, на членовите на ЛМС на ОГ им беа доделени примероци од Одлуката за избор на членови на ЛМС на ОГ, бр. 19-728/1, донесена од страна на Локалното собрание на млади на ОГ, на седницата одржана на 6 мај 2025 година и Решението за верификација на мандатите на членовите на ЛМС на ОГ, бр. 09-787/1, донесено од Советот на Општина Гевгелија, седница, одржана на 16 мај 2025 година.

По отворената расправа за втората точка, претседавачот даде збор на присутните членови за предлози за претседател на ЛМС на ОГ. Прв за збор се јави Кристијан Алчинов, кандидирајќи ја Валентина Ангелова за претседател. По него, за збор се јави Ангел Аевски, кој за претседател на ЛМС на ОГ ја номинираше Валентина Ангелова. Благица Ступар го предложи Кристијан Алчинов за претседател, исто така и Валентина Ангелова го предложи Кристијан Алчинов, а Анастасија Шопова- Валентина Ангелова.

По гласањето, претседавачот констатираше дека за Алчинов гласаа двајца, а за Валентина Ангелова тројца. Со што, Валентина Ангелова, прифаќајќи ја функцијата, беше избрана за претседател на ЛМС на ОГ. По изборот, Ангелова го презема заседавањето на седницата.

По отворената дискусија, за точка 3, за заменик-претседател Благица Ступар го номинираше Кристијан Алчинов, Кристијан Алчинов- Благица Ступар, Ангел Аевски-

Кристијан Алчинов, Валентина Ангелова- Благица Ступар, а Анастасија Шопова-Кристијан Алчинов. Претседателката констатираше дека со 3 гласа за, за заменик-претседател на ЛМС на ОГ е назначен Кристијан Алчинов.

Едногласно беше усвоен и Извештајот за работа на ЛМС на ОГ за 2025 година, кој го изработи службеникот за млади во ОГ, со заклучок да се достави до Советот на Општина Гевгелија на усвојување како дел од Извештајот за реализација на Програмата за работа на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија, Општина Гевгелија и службеникот за млади во делокругот млади за 2025 година.

Исто така, се разгледа и Предлог-Програмата за работа на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија, Општина Гевгелија и службеникот за млади во делокругот млади за 2026 година. Со 5 гласа за, ЛМС на ОГ одлучи да биде доставен предлогот на усвојување од страна на Советот на ОГ.

Во рамки на точката разно, за збор се јави Кристијан Алчинов, кој даде информација за Покана за поднесување предлози: Организација на културни и спортски настани од страна на локални младински совети кои ќе бидат поддржани од Делегацијата на Европската Унија во земјата.

Од стана на сите членови, беше заклучено оваа информација да биде точка на дневен ред на втората седница, за што претседателката ја закажа за 20 февруари 2026 година, во 10:30 часот, во Канцеларијата за млади.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседавачот констатираше дека дневниот ред беше исцрпен, затворајќи ја првата конститутивна седница на ЛМС на ОГ.

бр. 19-290/3
20.02.2026 г.
Гевгелија

Претседател
на Локален младински совет
на ОГ,

**Валентина Ангелова**

с.р.

**записничар**
Валентина Ангелова, с.р.

**оверувачи на Записникот**
1. Анастасија Шопова, с.р.
2. Ангел Аевски, с.р.